Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-1381/3
Датум: 15. 12. 2022

ДО

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитуван г-дин ,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-1381/2 од 28.11.2022 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса ) и по пошта, препис од следната информација:

- Записник од 262-та редовна седница на Инспекцискиот совет одржана на 31.05.2022 година, кога на Советот биле разгледани сите доставени поднесоци (претставки, дополни на претставки и барања) кои во изминатиот период биле доставени од Полицискиот боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ – Скопје; и

- Иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против инспекторот за спорт Васе Ефтимов и инспекторот за спорт Димитар Терзиев доставена до директорот на Агенцијата за млади и спорт. Иницијативата била како резултат на севкупните анализи на актите кои се однесуваат на предметот формиран пд поднесоци (претставки, дополни на претставки и барања) доставени од Полицискиот боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ – Скопје а Заклучокот за поднесување иницијативата за поведување на дисциплинска постапка била донесена на 262-та редовна седница на Инспекцискиот совет одржана на 31.05.2022 година.

Со оглед на побараното од Ваша страна, во прилог Ви доставуваме заверена копија – верна на оригиналот, од дел од Записникот од 262-ра редовна седница на Инспекцискиот совет. Приложената заверена копија се однесува на содржината на расправата и усвоениот заклучок по точка 11 од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес, а којашто гласи: „Барање за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против инспектори за спорт за сторен дисциплински престап, бр. 16-644/1 од 25.5.2022 година".

Исто така Во прилог Ви доставуваме и заверена копија – верна на оригиналот, од Барањето за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против инспектори за спорт за сторен дисциплински престап.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

Генерален секретар на Инспекциски совет

м-р Сашо Мержаноски

Подготвил: Елизабета Кучера, советник

Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Одделение